Објавен во Службен весник број: 43/2014
Датум на објавување: 04.03.2014

# Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

## Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13 и 170/13), во членот 159 став (2) се менува и гласи: „Конкурсот од ставот (1) на овој член се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик."

## Член 2

Членот 160 се менува и гласи:

„За директор, односно заменик директор на Фондот се именува домашно физичко лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работно искуство од областа на правото, финансиите, економијата и пензиското осигурување;
5) ќе понуди најквалитетна програма за работа на Фондот;
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
7) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

## Член 3

Во членот 161 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи: „2) донесува годишен план за вработување согласно со потребите на Фондот и начелото за соодветна и правична застапеност, а врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор;".

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

“(2) Согласност на годишниот план за вработување дава Министерството за труд и социјална политика.

(3) Годишниот план од ставот (1) точка 2 на овој член се донесува до 30 септември во тековната за наредната година“.

**Член 4**

Членот 164 се менува и гласи:

„(1) Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Фондот ги врши стручна служба чија внатрешна организација, делокруг на работа и услови за вработување поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите.

(2) За вршење на работите од ставот (1) на овој член Фондот образува единствена стручна служба, филијали и деловници.

(3) Вработените во стручната служба од ставот (2) на овој член имаат статус на административни службеници, согласно со Законот за административните службеници.

(4) Вработените во Фондот кои вршат помошнотехнички работи, имаат статус на помошно-технички персонал, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.“

**Член 5**

Членовите 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 181, 182, 183 и 184 се бришат.

**Член 6**

Директорот и заменик директорот на Фондот именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 8**

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на членовите 2, 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник

на Република Македонија“ број 27/14) и Законот за административните службеници (“Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.